Кочо СИДОВСКИ

# ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ ВО XV-XVIII ВЕК

По Косовската битка во 1389 година кога султанот Мурат паднал како жртва на Милош Обилиќ, војските од сојузот на христијаните биле потполно разбиени. Во 1595 год. Бугарија била трансформирана во османлиски пашалак. Србија, во основа, била само сенка од некогашната самостојност. Во меѓувреме Османлиите ја зазеле и Македонија. Солун бил заземен во 1387 година, а потоа повторно преминал во рацете на Византијците, па на Венецијанците, за конечно во 1450 година повторно Османлиите да го преземат Солун.

По заземањето на Солун, султанот Мурат II им испратил на првенците на Јанина писмо со кое им дава до знаење дека доколку ја прифатат нивната - турска власт, под одредени услови, градот и неговите жители ќе можат да сметаат дека ќе ја уживаат својата слобода. Меѓутоа конечно, на 9 октомври 1451 година во Јанина дефинитивно се зацврстиле Османлиите.

Бајазит, а исто така и Мурат II, преселил во Азија голем број заробеници, меѓу кои и голем број Ароманци. Бројот на робовите заробени од Мурат II на јужниот дел на Балканскиот Полуостров изнесувал 40.000. Голем дел од нив биле транспортирани во Мала Азија, а на нивно место Османлиите доселиле турски колонисти.[1]

Османлиското освојување Ароманците, токму како и останатите балкански народи, го дочекале на два начини: со отпор и приспособување, т.е. стапувале во служба на новиот господар. Ароманците немале некоја посебна причина да жалат за пропаднатата Византија со која толку пати војувале. Османлиите од своја страна се потрудија на привилегираните групи да им ги оставаат нивните привилегии и на тој начин да ги врзат за себе. Во планинските краишта на Пинд, како и во некои други балкански планински области, добиле самоуправа во замена за воена служба и симболичен данок.

Привилегиите што ги поседуваа Власите од Тесалија и Епир се одржале во текот на целото време на владеењето на Османлиите на Балканскиот Полуостров. Вакви слободи и привилегии во рамките на определената автономија не поседувел, речиси, ниеден поробен народ на овие балкански простори. Како последица од ова Ароманците биле принудени со одреден број војници да учествуваат на страната на Османлиите во нападот и освојувањето на Цари-

[1] Јон Аргинтеану, Историја нs Армн Македонците (Власите), Скопје 1998, 134-135.

град во 1453 година[2]

И покрај паѓањето на Цариград под османлиска власт, христијанското население во османлиското царство уживало одредени верски привилегии. На Османлиите во периодот на натамошното освојување на Балканскиот Полуостров, им била потребна помош од страна на православната црква. Тие смислено постапуваа со православните цркви во ароманските населби, кои беа под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Некои цркви во поголемите аромански центри, имале посебни привилегии кај османлиските власти.

Ароманските општини во Македонија, Епир и Тесалија биле задоволни со благонаклонетоста на османлиската власт во однос на определените такси кои биле наменети за државата. Периодот на релативен мир им отворил на Ароманците големи можности. После векови на феудални војни и османлиски освојувања, настапил подолг период на мир во длабоката позадина на османлиските средноевропски војувалишта. Од поодамна подвижни, Ароманците во еден дел можеле да го насочат својот талент во тргувањето по пространото османлиско царство. Првиот бран на трговијата бил во периодот на најголемиот процут на Османлиската империја во XVI век. Седумнаесеттиот век со австро-османлиските и венецијанско-османлиските војни ја попречува таа трговија, но затоа пак XVIII век претставувал златен век на ароманската трговија.

Карловачкиот и Белградскиот мир создале правни претпоставки за успешен настап на трговците од Османлиската империја на пространиот австриски пазар. Со отворањето на Османлиското царство за слободна трговија со западноевропските држави, посебно со Австрија на балканските трговци им е овозможено да ја напуштат османлиската територија и да преоѓаат во западноевропските земји, каде можат деловно да контактираат со институциите-односно со средината која тогаш била носител на новите идеи и погледи на политичкиот, националниот и стопанскиот развиток во Европа.

Договорите ја обврзувале Австрија на само 5 односно 5 отсто царина на турската стока ако ја внесувале трговци со турско поданство, можност за продажба на големо во текот на целата година, како и продажба на мало за време на панаѓури. Овој договор посебно придонел за развивањето на трговијата и прометот меѓу Австрија и Македонија а и другите балкански земји.

Од македонските земјоделски и трговски центри караваните со памук, тутун, волна и др. се движеа по магистралните патишта по долините на реките Вардар и Морава кон Белград, каде стоката се претоварувала на бродови за по Дунав да биде превезена до Будимпешта и Виена. Организаторите и реализаторите на таа трговија, беа балканските трговци меѓу кои во голем број беа ароманските, кои многу умешно ги користеа предностите на мирот во Пожаревац од 1718 год, и благодарејќи на својата приемчивост, за кусо време ги преплавија западноевропските пазари, посебно во Австрија, со своите земјоделски и сточарски производи.[3]

---

[2] Зоран Јањетовиќ, Цинцари - Кратак преглед дуге историје једног „Народа без историје", Српска слободарска мисао, Часопис за Филозофију, Друштвене науке и политичку критику, Београд II/5 (2001), 113.

[3] Боро Петковски, Балканската чаршија. Местото и улогата на Власите. Скопје 2000, 136.

Според начинот на тргување, трговците (односно дејноста тргување) можат да се поделат на две групи како што тоа го правеа австриските власти. Имено трговците на големо (All' Grosso) и трговците на мало (Alle Minute) или торбарење.

Со торбарската трговија Власите, Македонците и другите се занимавале во сите краишта каде што дошле на Балканскиот Полуострстров - во Хрватска, Славонија, Јадранското крајбрежје, сè до Корушка. Овој начин на тргување бил раширен и во Србија.[4]

На Ароманците многу работи им оделе во прилог за проширување на својата трговија. Британската и француската конкуренција биле елиминирани со меѓусебното војување на овие две сили на австриската индустрија во нејзиниот зачеток ѝ требале суровини, а тромоста на австриските државни трговски компании и австриските трговци, како и штетните прописи им го олеснувало работењето на трговците-турски поданици, кои според познатите податоци во мнозинството биле Ароманци, иако обично се кажувале за Грци. Потребите на трговијата го поттикнувале и занаетчиството, во кое, како во Османлиската империја, така и во Австрија, патувачки занаетчии, исто така, многу често биле Ароманци. Нелојалната конкуренција предизвикувала огорчување на австриските трговци и занаетчии вклучувајќи ги тука и Србите. Спротивностите постепено ќе се надминат во последната третина на XVIII век кога хабзбуршките власти ги приморале трговците од Османлиската империја да примат австриско поданство. Мнозинството, иако не без двоумење, заради слабеењето на безбедноста во Османлиската Империја, губењето на поддршката заради разорувањето на ароманските населби и промените на трендовите на трговијата, се согласило да го промени државјанството. Со правното изедначување со православните австриски трговци, бил отворен патот кон постепена србизација на Ароманците, иако овој процес течел постепено и дури од 1850 година добил замав.[5]

Трговијата на Ароманците ги зафатила сите поголеми градови на Монархијата, но и многу преку нејзините граници - сè до Лајпциг, Краков, Амстердам, Москва, Одеса и Каиро. Ароманските трговци главно биле печалбари коишто ги оставале фамилиите во своите куќи во родниот крај, доаѓајќи само повремено за да ги обиколат. Заради тоа, штедејќи, грижејќи се за работата и стопанската проникливост, многумина брзо се збогатиле, нешто што можело да се види на нивните убави куќи и населби, кои секогаш со својата чистота и уредност се издвојувале од другите. Донесувајќи со намештајот од Запад, алишта, орудија, книги, разни производи и тогашните напредни европски идеи, тие станувале важен фактор на модернизацијата во своите средини. Многу аромански населби во Тесалија, Епир и Македонија во тоа време нараснале.

Најголем аромански град, кој се развил токму во тоа време, бил Москополе недалеку од Корча во јужна Албанија. Долго време, според историските извори, повеќе од еден и пол век, Москополе бил најголем град со своите број-

[4] Ibidem. За ова види и кај: Петер Бартл, Албенци од средњег века до данас, Београд 2001, 81.

[5] Зоран Јањетовиќ, op. cit., 114.

ни жители, потоа материјалното и културното богатство, во споредба со другите градови во европските делови на Османлиската Империја. Врз основа на неговата материјална, општествена и воопшто цивилизациска моќ, градот Москополе бил прочуен и надвор од Османлиската Империја.

Имајќи ги и постојано развивајќи ги своите метеријални, културно-просветни и воопшто, цивилизациски претпоставки, Москополе за целото време на својот брз подем станал еден од нејзначајните аромански центри чиешто влијание се чувствувало во Албанија, Македонија и во другите делови на Балканскиот Полуостров. Овој град (со преку 60000 жители) уште пред неговото прво разорување (1769 година) бил забележан во најразвиените трговски, политички и културни центри не само на балканските простори, туку и во Венеција, Виена, Пешта и Будим и други европски градови.

Во врска со бројот на жителите на градот Москополе постојат различни проценки. На пример, Стојан Новековиќ, напоменува дека градот имал 12.000 куќи изградени од камен во кои живееле 70.000 жители. Вајганд констатира дека Москополе имал 60000 луѓе, според Пикот, Москополе ја достигнало бројката од 80000 жители. Скоро сите истражувачи се слагаат со проценката дека според составот на населението на Москополе, тој, во најголема мера, бил аромански град.

Неговиот вкупен материјален и културен подем добива највисоки достигнуваа во XVIII век. Тогаш Москополе станува вистински центар не само на трговијата туку и на културата и воопшто, цивилизациското влијание помеѓу Македонија, Албанија, Епир, а преку Босна и во Австрија, потоа Венеција и други.[6]

Јован Цвијиќ, еден од најпознатите научници на Балканскиот Полуостров во областа на географијата, антропогеографијата и слично, за Москополе, помеѓу другото пишува: Тоа е град на „големи панаѓури" на Девол во Јужна Албанија. Во него живееле Аромани, во XVIII век имал 80000 жители. Бил трговски центар за сите централни и западни области и главен трговски град во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Скоро на целиот Полуостров добро биле познати трговијата, печатниците и училиштата во Москополе. Тоа богатство ги привлекло пљачкашките чети на Али-паша Јанински, кои кон крајот нв XVIII и почетокот на XIX век во неколку наврати го пљачкосувале и разорувале.[7]

Данчо Зографски, констатира дека по пљачкосувањето и разорувањето на Москополе во 1769 и 1788 година, кој според зборовите на Вајганд, претставувал трговско средиште од првостепено значење за размена на стоки меѓу Македонија, Албанија, Јадранското крајбрежје, беа формирани многубројни аромански центри во Солун, Серес, Битола, Велес, Крушево и други места.[8]

За Москополе, многу не се знае. Жителите на Москополе во периодот на неговото создавање како населено место по потекло биле од краиштата на

[6] Боро Петковски, op. cit., 187.

[7] J. Цвијиќ, Балканско Полуострово и јужнословенске земље. Основи антропогеографије. Београд, 235.

[8] Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје 1967, 47.

Колоња. Москополе е подигнато, односно интензивно се развива од XVII и почетокот на XVIII век. Градот релативно брзо се развил во центар на трговијата меѓу Македонија, Албанија, Епир, а преку Босна со Австрија и Венецијанската република. Најголем подем Москополе доживува меѓу 1750 и 1769 година. Москополе бил населен претежно со Аромани. Интересни се и забележувањата што се сретнуваат во некои историски документи, а посебно кај Д.Ј.Поповиќ дека Москополе бил еден од многу значајните градови на грчката култура и грчката национална идеја. Врз ваквите состојби пресудно било влијанието на црквата, односно Цариградската патријаршија.[9]

Главно може да се каже дека не се познати деталите како и зошто е разорено Москополе во 1769 и 1788 година. Меѓутоа постојат некои претпоставки, кои упатуваат на тоа дека градот бил разурнат и опљачкан поради неговото богатство. Се претпоставува дека прво дошло до организирано систематско вознемирување, односно пљачкосување на трговските каравани од страна на соседните албански племиња. Пустошењата на Москополе ги сторил Алипаша Јанински во врска со борбата против грчките востаници.[10]

Жителите на Москополе биле меѓу сите Ароманци најкултурни. Според Д.Ј.Поповиќ тие ги дале најголемите луѓе. Од Москополе биле Сина, Мочоњи, митрополитот Шагуна, Кавалиотис, Гожду, граматичарот Бојаџи и многу други.[11]

Од останатите аромански места, кои биле важни за преселбите на Ароманците, треба да се споменат Блаца, Шатиста, Кожани а особено Клисура. Според Иваниќ, Блаца во најголем дел било населено со жители на Москополе, кои по разорувањето на Москополе се засолниле во Блаца, па заради тоа и се вели за Блаца дека во минијатура било Москополе.[12] Во Блаца во 1875 година имало околу 550 фамилии.[13]

Кожани, место што се наоѓа на доглед на Олимп од поодамна, го трпело влијанието на грчката култура. Веќе од 1668 година постоело грчко училиште коешто работело благодарејќи на дарежливоста на бројните трговци од овие краишта.[14]

Во своите среќни години исполнети со економски просперитет, посебно со развитокот на трговијата во Албанија, Македонија и другите соседни земји односно градови, Москополе било седиште на бератскиот владика. Тогаш во Москополе било создадено едно прочуено грчко училиште, кое го нарекувале академија.[15]

Околу 1730 година во Москополе била основана печатница во која се печателе многу грчки, но и влашки книги.[16]

---

[9] Д.Ј.Поповиќ, О Цинцарима, Прилози питању постанка нашег граѓанског друштва, Друго издање, Београд 1957, 24.

[10] Ibidem, 41.

[11] Ibid.

[12] Иваниќ И., Македонија и Македонци.

[13] Д.Ј.Поповиќ, op. cit., 42.

[14] Ibidem, 45.

[15] Боро Петковски, op.cit., 190.

[16] Ibidem.

Во времето на просперитетот на Москополе, во него се чувствувало и одредено национално движење. Учителот и поп Теодор Кавалиотис го печател Речникот на ароманскиј јазик.[17] П. Данаил го превел и го печател Евангелието на ароманскиј јазик.[18]

Во 1741 година во Москополе се печателе службите на св. Јован Владимир, св. Наум и останатите: Кирил, Методиј, Сава, Наум, Горазд, Климент и Ангеларij, а посебно на свети Климент.[19]

Боро Петковски наведува дека првиот објавен компаративен материјал од современите балкански јазици, кој дал поттик и за почетните балкански, лингвистички студии, доаѓа од југозападниот дел на Балканскиот Полуостров, каде што живеело мултиетничко население. Таков материјал содржел Тријазичникот на Теодор Кавалиотис-Москополец, со околу 1000 лексички единици објаснети на грчки, албански и ароманскиј, објавен во Венеција 1770 година, а особено Четиријазичникот на Данаил Москополец, којшто всушност бил еден вид разговорник со околу 200 реченици објавен првпат изгледа во 1793 или 1794 година, а второто дополнето издание било излезено во 1802 година во Венеција.[20]

Нивните речници имале за цел да им помогнат на учениците да го совладаат грчкиот јазик... Но зад „формалната лојалност кон црковните власти", во речниците на Кавалиотис и Данаил „се забележува и една независна позиција сврзана со идеите на просветителството, а имено идејата за еднаквоста на јазиците и на народите".[21]

Важни и значајни сознанија за културниот и воопшто цивилизациските развиток на Москополе ни презентира и Ј. Аргинтеану.[22]

Во Москополе не цутела само трговијата туку и науката. Тамошниот лицеј, односно Академијата бил најпознат во тоа време на Балканскиот Полуостров и од него излегувале луѓе, како што се научникот Халкеус кому му се припишува издавањето на богословот „Св. Наум" од 1765 год, во Венеција, понатаму, Данаил автор на познатиот четворојазички „Вовед во науката", калуѓерот Грегорие - автор на сите познати изданија од Москополе; Мандука од Костур; Јоасаф-охридскиот патријарх.[23]

Треба да се каже дека најголем подем овој лицеј имал во XIX век. Најверојатно бил затворен околу 1845 година но повторно отворен во 1850 година издигнувајќи се од првиот процут кој траеше сè до првото разорување на градот во 1769 година, бидејќи го изгуби својот поранешен сјај и продолжил да животари.[24]

Со оглед на фактот што Москополе било уништено, жителите на Москополе во секоја прилика создаваа нови, а зајакнаа и некои стари ароманскиј на-

---

[17] Д.Ј.Поповиќ, op. cit., 36.
[18] Ibidem.
[19] Ibid.
[20] Боро Петковски, op. cit., 190-191.
[21] Ibidem.
[22] Јон Аргинтеану, op. cit.
[23] Боро Петковски, op. cit., 194.
[24] Ibidem.

селби. Во Османлиската империја тие се населиле во Дринопол, Пловдив, Ќустендил потоа во Македонија во Прилеп, Охрид, каде што се населиле околу 100 семејства. Подоцна дошле уште 50 семејства. Една група со околу 200 семејства се населила во Штип. Тогаш се населиле и во селата Магарево, како и Дихово. Многу семејства се населиле во Битола, Крушево, Велес, Скопје, Ресен. Исто така и Моловиште, тогаш, беше населено со жители од Москополе. Со неселувањето на Ароманците во балканските градови се создал брз развиток на сите градови во кои тие се населиле. Така, Велес по доселувањето на Ароманците доживува свој брз развој. Тогаш Ароманците од Москополе и од другите центри бегаа масовно во земјите преку Сава и Дунав и низ Европа. Според горереченото, Ароманците од Москополе бегајќи од турските зулуми се раселиле по цела Европа, а се населиле по речиси сите поголеми градови на Османлиската Империја, Грција, Австро-Унгарија, Романија. Тие отишле дури до Украина и Русија.[25]

Во текот на XVIII век Балканот, пред сѐ ароманските области во Македонија, Епир, Тесалија, биле непресушен извор за човечки труд за Хабзбуршката монархија, чија политика на меркантилизам големо значење му придаваше на зголемувањето на населението, како главен фактор за развојот на производните сили во земјата.

Од ароманските родови, кои емигрирале низ XVIII и XIX век во земјите преку Сава и Дунав, со својата економска моќ и влијание, покрај другите се познати и следните: Бацарија, Бурада, Косма, Капидан, Каракоста, Карафоли, Караѓиани, Кавалиоти, Концеску, Костафору, Даниелопол, Дарвари, Диасеску, Ѓувара, Ѓуаламила, Хаџи-Моску, Леонте, Мантану, Михаил, Мурну, Наста, Пачиура, Папакоста, Папахаџи, Тупала, Писастра, Вулакри, Васкаде, Вулкан и многу други. Секоја фамилија од наведените, поседувала свое значење и влијание во определено време и простор.[26]

На крајот треба да се истакне дека голем е бројот на истакнати Власи кои во областа на просветата, културата и уметноста заземале значајно место во сите земји на Балканскиот Полуостров. Нагласено е нивното место и како создавачи на културно-уметничките дела во сите области на творештвото, но и како добродетели во создавањето на материјалната основа во областа на просветата (градење на училишта, давање стипендии и сл.). Преовладува бројот на Ароманците, во однос на другите народи на балканските простори (во одредени размери и во Средна Европа) кои основале моќни фондации како институции кои сестрано помагале во споменатите просветно-културни и уметнички области.

Во погоре споменатиот труд на Д. Ј. Поповиќ се истакнати бројни примери од овие области. На пример, тој соопштува дека Власите од Москополе се истакнувале во културен поглед далеку повеќе во споредба со оние кои живееле во други места. Значителен бил бројот на културните создавачи. Тој ги издво-

---

[25] Јон Аргинтеану, op. cit., 151.

[26] Јон Аргинтеану, op. cit., (превод од романски јазик, предговори, коментари и забелешки врз одделни историски прашања - Тодор Трајановски), 154.

јува-Сина Мочоњи, митрополитот и граматичарот Шагуна, Кавалиотис, Гожда и други.[27]

Треба да се спомене фактот дека голем број Ароманци коишто се иселиле од Македонија свое прибежиште нашле во Србија. Во Белград од 109 угледни фамилии дури 52 биле од Влахоклисура. Од Крушево, Маловиште, Гопеш, ги имало поголем број, но тие не играле особено важна улога. Во Крагуевац ги имало од Маловиште, Битола, Охрид, Гопеш, Трново (Битолско) и др.[28]

Иако бројот на овие преселеници не бил голем, сепак бил од големо значење за народот и краиштата во коишто тие дошле. Вредноста и важноста на овие луѓе ги приметила Австрија, па настојувала на сите начини што повеќе да ги привлечи и задржи во своите земји овие луѓе. Овие луѓе значеле капитал, занает, трговија и индустрија, со еден збор сите услови за подигнување на економската сила на земјата. Покрај трговијата тие се занимавале со разни работи и занаети. Со еден збор тие во Србија ја основале чаршијата.

Покрај трговијата Власите во крајот на XVIII век во Србија станале и познати политичари. Така на пример Петар Ичко во Белград се наоѓал во 1791 година, а околу 1794 година, дошол во Земун како трговски агент. Петар Ичко бил од Катраница. Пред тоа имал трговска компанија во Белград. Зборувал повеќе јазици. Бил покрај другото и вешт дипломат. Имал видна улога во Првото српско востание. Во 1807 година бил избран за прв претседател на Магистратот во Белград.

Петар Ичко повторно се јавува во Белград во 1792 година бидејќи веќе беше потпишан мировниот договор помеѓу Австрија и Османлиската империја. Треба да се спомене дека Петар Ичко пред Австро-турската војна (1787-1792) бил трговец во Белград. Водел трговија со памук и кордован. Први податоци за неговата трговија имало од 1787 година.[29]

Петар Ичко во стопанскиот живот се појавува како посредник кога австриските трговци морале целата своја стока наместо за увоз или за извоз да ја пријавуваат кај органите во Белград (под непосредна контрола на Османлиите) и зе неа да плаќаат одредени конзуларни такси.

Врз основа на жалбата на австриските трговци, австриската дипломатија презела чекори кај Високата порта за Петар Ичко да се тргне од Белград. Високата порта одолговлекувала со решавањето на ова австриско барање. Меѓутоа, Австријците ова прашање постојано го актуелизирале и во наредните години. Но без некој видлив успех. Зад Ичко стоел големиот турски везир во Белград. Не се располага со податоци за тоа-дали при сето ова имало и некои врски што му ги обезбедувал покрај турскиот везир и некој друг влијателен заштитник.

По Свиштовскиот мир во 1791 година многу од ароманските трговци се иселија од Србија и постојано се вработија во соседните австриски земји.

---

[27] В. Поповиќ, op. cit., 41.
[28] Ibidem, 51-53.
[29] Боро Петковски, op. cit., 215.

Османлиското освојување на Балканскиот Полуостров, Ароманците, токму како и останатите балкански народи, го дочекале на два начини: со отпор и приспособување т.е, стапување во служба на новиот господар. Привилегиите што ги поседувале Власите од Тесалија и од Епир се одржале во текот на целото време на владеењето на Османлиите на Балканскиот Полуостров. Најголем ароманскиот град кој се развил токму во тоа време бил Москополе недалеку од Корча во Јужна Албанија. Во Москополе не цутела само трговијата туку и науката. По пљачкањето и разорувањето на Москополе во 1769 и 1788 година доаѓа до масовно иселување на населението претежно во Македонија, потоа во повеќе балкански земји па и пошироко во Средна Европа. На крајот треба да се истакне дека голем е бројот на истакнати Власи кои во областа на просветата, културата и уметноста заземале значајно место во сите земји на Балканскиот Полуостров.